Кр.бр.30/2019

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Рахилка Стојковска - претседател на советот, Шпенд Деваја и Африм Фидани - членови на советот, со виш судски соработник Надица Серафимовска - записничар, решавајќи во постапката за екстрадиција на лицето Т.М. од Ѓ., Р.К., државјанин на В.Б. и на Р.К., по доставувањето на решението на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје КИОК-КС.бр.252/19 од 07.08.2019 година, по службена должност и по претходно прибавеното писмено мислење од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија V РО.бр.301/2019 од 12.08.2019 година, во согласност со член 65 став 5 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја („Службен весник на РМ“ бр.124/10), на седницата одржана на ден 14.08.2019 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Решението на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје КИОК-КС.бр.252/19 од 07.08.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје со решението КИОК-КС.бр.252/19 од 07.08.2019 година утврдил дека не се исполнети законските претпоставки за екстрадиција на лицето Т.М., државјанин на В.Б. и С.И. и на Р.К., со лични податоци како во изреката на решението, за кого од страна на Министерството за правда на Република Србија, преку Министерството за правда на Република Северна Македонија е доставена молба за екстрадиција, врз основа на распишана меѓународна потерница од страна на Интерпол Белград, по донесено решение на истражниот судија на Окружниот суд во Белград, Совет за воени злосторства Ки.В.5/2004 од 10.02.2005 година, а во врска со донесеното решение за проширување на истрага на истражниот судија на Окружниот суд во Белград, Совет за воени злосторства К.В.5/2004 од 10.02.2005 година, против лицето Т.М., поради основано сомневање дека сторил кривично дело „Воени злосторства против цивилно население“ од член 142 став 1 од ОКЗ во врска со член 22 од ОКЗ.

Во образложението на решението е наведено дека лицето Т.М., чија што екстрадиција се бара, е државјанин на Р.К. и на В.Б., а не државјанин на Р.С., додека пак, кривичното дело за кое се бара екстрадиција на лицето е сторено на територија на Р.К., ставено под власт на Обединетите нации со резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации S/RES/1244 (1999) од 10.06.1999 година, независно од 2008 година, која независност е признаена и од страна на Република Северна Македонија. Поради тоа, согласно со одредбите од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја и од Европската конвенција за екстрадиција со Првиот и Вториот Дополнителен протокол во врска со Законот за ратификација на Третиот доолнителен протокол на Европската конвенција за екстрадиција и Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Србија за екстрадиција, судот нашол дека не се исполнети законските претпоставки за екстрадиција на лицето Т.М.

Основниот кривичен суд Скопје, постапувајќи според член 65 став 5 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја („Службен весник на РМ“ бр.124/10), по службена должност го достави решението КИОК-КС.бр.252/19 од 07.08.2019 година до Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, постапувајќи во рамките на законските овластувања, до овој суд достави мислење V РО.бр.301/2019 од 12.08.2019 година, со кое предлага да се потврди решението на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје КИОК-КС.бр.252/19 од 07.08.2019 година.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по извршениот увид во списите приложени кон предметот, решението на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје КИОК-КС.бр.252/19 од 07.08.2019 година, а имајќи го предвид и мислењето на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, најде:

Решението е основано.

Овој суд се согласува со оценката на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје дека не се исполнети законските претпоставки за екстрадиција на лицето Т.М. предвидени со одредбите од Европската конвенција за екстрадиција („Службен весник на РМ“ бр.32/99) и дополнителните протоколи, Договорот склучен помеѓу Република Македонија и Република Србија за екстрадиција („Службен весник на РМ“ бр.57/12), како и член 52 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја („Службен весник на РМ“ бр.124/10), затоа што тој не е државјанин на Р.С., која е држава молител, туку на Р.К., а впрочем и кривичното дело за кое се бара екстрадиција е сторено на територијата на Р.К. во 1999 година.

Врз основа на образложеното, Врховниот суд на Република Северна Македонија го потврди решението на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје КИОК-КС.бр.252/19 од 07.08.2019 година, како што е наведено во изреката на ова решение, во согласност со член 65 став 5 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја („Службен весник на РМ“ бр.124/10).

Решено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 14.08.2019 година под Кр.бр.30/2019.

Виш судски соработник - записничар
Надица Серафимовска с.р.

Претседател на советот-судија
Рахилка Стојковска с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и: секретар